# I. Економски движења во Република Македонија

**Основни индикатори за економските движења**

| | | Износ | Тековен месец / претходен месец | Тековен месец / ист месец од претходна година | Период / ист период од претходна година |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | во % | |
| **Трошоци на животот** | VI.2003 | - | -0,9 | 0,8 | 0,3 |
| **Цени на мало** | VI.2003 | - | -1,3 | 1,5 | 2,0 |
| **Цени на производители на индустриски производи** | VI.2003 | - | -1,6 | -1,1 | 0,3 |
| **Индустриско производство** | VI.2003 | - | -2,4 | -0,1 | 3,5 |
| | | во милиони денари | | | |
| **Извршени градежни работи** | V.2003 | 758 | 63,5 | 7,5 | -15,5 |
| | | во денари | | | |
| **Номинална просечна нето плата** | V.2003 | 11.798 | 0,2 | 6,3 | 6,9 |
| **Реална просечна нето плата** | V.2003 | - | -0,4 | 5,7 | 6,7 |
| | | во милиони денари | | | |
| **Буџетски приходи** | VI.2003 | 5.179 | -20,5 | 6,3 | -7 |
| **Буџетски расходи** | VI.2003 | 5.254 | -1,1 | -1,8 | -7,4 |

Извор: Државен завод за статистика и Министерство за финансии.

## 1.1. Цени

*Месечна дефлација од 0,9% во јуни 2003 година...*

Во јуни 2003 година беше регистрирано намалување на индексот на трошоците на животот, како индикатор за движењето на стапката на инфлација во македонската економија. Следствено, во јуни беше остварена месечна стапка на дефлација од 0,9% (во согласност со намалувањето на цените на мало за 1,3%). Притоа, вообичаеното влијание на сезонскиот фактор и оваа година беше присутно, но не и доминантно (цените на земјоделските производи беа пониски за само 0,2%), што резултираше со скромен пад на трошоците за исхрана. Главна детерминанта на месечната дефлација беше намалувањето на цените на нафтените деривати за 10% (кое беше извршено во последната декада од претходниот месец), поради што дојде до поизразен пад на трошоците за сообраќајни средства и услуги и на трошоците за домување (главно за огрев и осветление). Ваквите движења детерминираа намалување на трошоците за набавка на стоки, при истовремено намалување и на трошоците за услуги (согласно регистрираното намалување на нивните цени)[1].

Графикон 1
Трошоци на животот
(во %)




*...и задржана ценовна стабилност во првата половина од 2003 година*

Ценовната стабилност, како основна и законски утврдена цел на монетарната политика, беше успешно одржана и во првото полугодие од 2003 година. Ваквата констатација се темели на регистрираната просечна стапка на инфлација од 0,3% во периодот јануари - јуни 2003 година и која во текот на целото полугодие се одржуваше на релативно стабилно ниво. Истовремено, во анализираниот период цените на мало остварија просечна стапка на пораст од 2%, која исто така не регистрираше поголеми осцилации во текот на првите шест месеци од годината.

[1] Во јуни 2003 година, според ДЗС е прикажано месечно намалување на цените на ПТТ услугите, кое има исклучиво статистички (но не и фактички) карактер и произлегува од разликите помеѓу пониското реализирано и повисокото најавено покачување на цените во фиксната телефонија за мај 2003 година, при што најавениот процент на зголемување на цените веќе беше инкорпориран во статистичките пресметки за мај (согласно методолошкиот карактер на следењето на цените).

Графикон 2
Цени на мало
(во %)




*Цените на производителите на индустриските производи во јуни 2003 година на месечна основа пониски за 1,6%...*

Намалувањето на цените на производителите на нафтените деривати (реализирано во претходниот месец) претставуваше главна причина за пониското ниво на цените на производителите на енергија, кои го условија месечниот пад на вкупниот индекс на цените на производителите на индустриски производи од 1,6% во јуни 2003 година. Кај поголем дел од производителите на останатите индустриски производи (во 19 од вкупно 22 индустриски гранки), цените беа непроменети во однос на претходниот месец.

Графикон 3
Цени на производителите на индустриски производи
(во %)




*...а просечната стапка на пораст се сведе на 0,3%*

Во согласност со месечната динамика на движење, во јуни 2003 година продолжи намалувањето на просечната стапка на пораст на цените на производителите на индустриски производи, која во првото полугодие од 2003 година се сведе на 0,3%. Притоа, најмногу се зголемени цените на производителите на нафтени деривати (односно енергија), што предизвика пораст на цените во преработувачката индустрија, наспроти падот на цените во секторот вадење руди и камен и непроменетото ниво на цени во секторот снабдување со електрична енергија, гас и вода.

**Анализа на движењето на цените на нафтата на светските берзи во првата половина од 2003 година**

Светската цена на суровата нафта во првата половина од 2003 година, во однос на истиот период од 2002 година, во просек беше повисока за 24,9%. Кулминацијата на неизвесноста и тензиите околу можните случувања на Блискиот Исток резултираше со највисок кумулативен пораст на цената на нафтата во февруари

(61,7%). Реализацијата на нападот на САД врз Ирак (21 март 2003 година) значително ја намали неизвесноста и имаше сосема спротивен ефект врз движењето на цените на нафтата (нивниот просечен пораст од март наваму бележи континуирано намалување). За ова придонесе и реакцијата на Организацијата на земјите извознички на нафта (ОПЕК), која неколку часа по започнувањето на американската воена акција во Ирак ги укина производствените квоти на своите членки. Следствено, светската цена на нафтата кон крајот на март започна забележително да се намалува. Најголемо месечно намалување е забележано во април (18,3%), кога беше регистрирана и најниска просечна месечна вредност од 24,9 САД долари за барел. Притоа, во текот на првата половина од 2003 година, највисока дневна цена на нафтата е регистрирана десет дена пред започнувањето на војната во Ирак (34,9 САД долари за барел на 10 март 2003 година), а најниска на 29 април 2003 година (22,9 САД долари за барел). На крајот на јуни 2003 година, еден барел нафта се продаваше за 28,2 САД долари.

Просечна цена на нафтата на светските берзи
("брент", САД долари за барел)




Извор: The Energy Information Administration (EIA) - statistical agency of the U.S. Department of Energy